**Училишната комисија на СОУ Јосиф Јосифовски Гевгелија распишува**

# О Г Л А С

за запишување на редовни ученици во прва година во учебната 2020/2021 година

**I**. Во прва година ќе се запишат вкупно **374** ученици во **11** паралелки, според плановите и програмите за:

**а) ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ 170 ученика во 5 паралелки**

**Една билингвална паралелка македонско-француска**
**Потребен минимум за ова подрачје е 60 поени**

**б) УГОСТИТЕЛСКО-ТУРИСТИЧКА СТРУКА 102 ученици во 3 паралелки**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - **хотелско-турист. тех**. | **34** ученика | - 1 паралелка | 4 год. школ. | **45** мин. поени |
| - **келнер** | **34** ученика | - 1 паралелка | 3 год. школ. | **30** мин. поени |
| - **готвач** | **34** ученика | - 1 паралелка | 3 год. школ. | **30** мин. поени |

**в) МАШИНСКА СТРУКА 68 ученици во 2 паралелки**

- **машински техничар за моторни возила**
  **34** ученика - 1 паралелка 4 год. школ. **45** мин. поени
- **автомеханичар/заварувач**
  **34** ученика - 1 паралелка 3 год. школ. **30** мин. поени

**г) ЕКОНОМСКО-ПРАВНА И ТРГОВСКА СТРУКА 34 ученици во 1 паралелка**

- **економски техничар** **34** ученика - 1 паралелка 4 год. школ **60** мин. поени

**II**. **УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ**

Запишувањето на учениците во училиштето во учебната 2020/2021 год. ќе се врши под услови и начин утврдени со Законот за средно образование, Законот за стручно образование и обука, Конкурсот за запишување ученици во учебната 2020/2021 год. од Министерство за образование и наука и овој Оглас.

Бесплатен превоз на учениците кои ќе се запишат во прва година во ова училиште, нема да биде обезбеден ако избраниот вид на образование (струка) го има во општината, односно регионот каде живее. Наставата се изведува на македонски јазик и кирилско писмо.

Условите за запишувањето на учениците се:

- да имаат завршено основно образование;
- да не се постари од 17 години;
- да се определил за план и програма за гимназиско образование, угостителско-туристичка струка, машинска струка или економско-правна и трговска струка и еден од наведените образовни профили;
- да ги исполнуваат критериумите утврдени во Конкурсот
- учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Огласот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критерими за испит на знаење и вештини во училиштето.

**III. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ**

При пријавувањето, учениците треба да ги поднесат следните документи:

- пријава за запишување (пријавата за запишување ученикот ја подигнува од училиштето во кое сака да се запише и истата е бесплатна);
- во пријавата, ученикот има можност од понудените подрачја да избира две комбинации. Доколку ученикот не ги исполнува условите за првата комбинација која ја избрал, ќе биде запишан во втората комбинација, ако за истата ги исполнува условите;
- оригинални свидетелства за VI, VII, VIII и IX одделение;
- дипломи,(доколку имаат) од освоени( I, II и III ) места од меѓународни и државни натпревари од (мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје);
- извод од матичната книга на родените (без оглед на датумот на издавањето);
- потврда за вакцинален статус на ученикот издадена од службата за вакцинација.

## Некомплетните документи не се разгледуваат

**IV. УПИСНИ РОКОВИ**

Пријавувањето и запишувањето на учениците ќе се врши во еден уписен рок со три пријавувања, трите пријавувања се во месец јуни.

**I. УПИСЕН РОК**

### - 16 и 17 јуни 2020 год. прво пријавување и запишување

**Ранг листите со резултатите** од запишувањето и слободните места ќе се објават на **18 јуни 2020 год.**

### - 24 и 25 јуни 2020 год. второ пријавување и запишување

**Резултатите** од запишувањето и слободните места ќе се објават на **26 јуни 2020 год.**

### - 29 јуни 2020 год. трето пријавување и запишување

**Резултатите** од запишувањето и слободните места ќе се објават на **30 јуни 2020 год.**

Учениците кои се упатени на поправни испити, испит на годината, испити за побрзо напредување, може да се запишат во училиштето доколку има слободни места после јунскиот рок на 24 август 2020 година за што доставува доказна документација.

Ако не се пополнат утврдените ученички места во уписниот рока СОУ ќе продолжи со запишувањето на ученици до **31 август 2020 год.**

Пријавувањето со потребната документација се врши **ЛИЧНО** од ученикот, односно родителот или старателот.

**ДОПОЛНИТЕЛНИ КРИТЕРИУМИ**

Во пријавувањето во првиот уписен рок доколку се пријават поголем број ученици со континуиран одличен успех, со еденаков број поени, од предвидениот број за запишување, училиштето ќе утврди дополнителни критериуми за проверка на знаењето, ќе организира квалификационо тестирање по предмети што се значајни за струката, односно изборното подрачје, а кои ќе се истакнат на огласната табла на **18 јуни 2020** година, а проверката на знаењето, квалификационото тестирање, ќе се врши на **22 јуни 2020 год.,** а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на **22 јуни 2020.**

**Документи испратени по пошта нема да се примаат.**

## V. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Критериумите за избор на учениците се :

- средниот успех на ученикот од **VI** до **IX** одделение;
- средниот успех на ученикот постигнат по четири предмети ( мајчин јазик, странски јазик и два предмети што се од значење за струката);
- дипломи за освоени (I, II и III) места од меѓународни натпревари како и државни натпревари (организирани од акредитирани здруженија од Министерството за образование и наука) по мајчин јазик, странски јазик, природни науки, мтематика, хемија, физика, биологија и геграфија и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје);
- средна вредност од поени добиени за поведение;

За средниот успех од **VI** до IX одделение ученикот може да добие најмногу **50** поени (општиот успех од шесто, седмо, осмо и деветто одделение се собира, се дели на четири и истиот број се множи со коефициент 10);

За средниот успех постигнат од четирите предложени наставни предмети (два наставни предмети задолжително за сите видови образование и два предмети што се значајни за струката), ученикот може да добие најмногу **20** поени ( **5** поени за секој предмет ).

За освоено место од меѓународни и државни натпревари ученикот може да добие најмногу **5** поени. ( За освоено место од меѓународни натпревари - 5 поени, за освоено место од државни натпревари: 3 поени за прво место, 2 поени за второ место и 1 поен за трето место). На ученикот му се вреднува само една диплома која носи најмногу поени.

За средна вредност од поените за поведение од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу **5** поени (примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение со 0 поени). Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделено со 4).

Ученикот по сите критериуми може да добие најмногу **80** поени.

Училиштето во рамките на овој интерен оглас, за второто пријавување во првиот уписен рок и за вториот уписен рок ќе го утврди минимумот број на поени со кој ќе биде можно учениците да конкурираат за запишување по конкретен план и програма. Утврдувањето и објавувањето на овој минимум број поени ќе се изврши:

- за второ пријавување на **18 јуни 2020 год.**
- за трето пријавување на **26 јуни 2020 год.**

Училиштето за второто пријавување може да го намали утврдениот број на минимум поени дадени во Огласот, за најмногудо 10 поени, освен за гимназиско образование и економско-правна и трговска струка.

За учениците кои завршиле деветто одделение во Република Северна Македонија, а едно, две или три одделенија ( **VI, VII** или **VIII** одд.) завршиле во странство, за тие одделенија се зема успехот од деветто одделение и важат истите критериуми за избор на ученици дадени погоре.

Учениците кои основното училиште го завршиле во странство, може да се запишат во училиштето ако им се нострифицира свидетелството стекнато во странство.

## VI. ИЗБОР И ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Изборот и запишувањето на учениците се врши врз основа на ранг листа по планови и програми за кои ученикот се определил според вкупниот број на поени што се пресметуваат одделно за секој кандидат.

Вкупниот број поени се утврдува според критериумите за избор.

Учениците што ја повторуваат прва година имаат право да се запишуваат во истата струка без рангирање. Овие ученици треба да се пријавуваат во првиот уписен рок.

**Оние ученици кои нема да бидат примени ќе можат документите да си ги подигнат во рок од 48 часа по објавувањето на резултатите.**

## VII. ПРЕГЛЕД НА НАСТАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ ОД ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ КОИ СЕ ПРЕДВИДЕНИ ВО КРИТЕРИУМИТЕ ЗА РАНГИРАЊЕ НА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИТЕ

| р. бр. | Струка | Наставни предмети што се задолжителни | Наставни предмети кои се од значење за струката |
|---|---|---|---|
| 1 | Гимназиско образование: | | |
| | -Природно-математичко подрачје (комбинација А) | | математика, физика |
| | -Природно-математичко подрачје (комбинација Б) | | математика, биологија |
| | -Општествено-хуманистичко подрачје (комбинација А) | мајчин јазик, странски јазик | математика, историја |
| | -Општествено-хуманистичко подрачје (комбинација Б) | | математика, историја |
| 2 | Угостителско-туристичка струка | | биологија, географија |
| 3 | Машинска струка | | математика, физика |
| 4 | Економско-правна и трговска струка | | математика, историја |

**Училишна комисија**
**за организација и реализација**
**на Конкурсот за запишување ученици**
**во СОУ Јосиф Јосифовски Гевгелија**